**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

# ИЗВАДОК ОД КОНКУРС

**за запишување студенти на прв циклус студии**
**на студиските програми на Факултетот за**
**земјоделски науки и храна - Скопје**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**во учебната 2024/2025 година**

**Скопје, 2024 година**

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021 и бр. 58/2024), Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Сл. весник на РСМ 76, 24.3.2020), Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образованиеза време на вонредна состојба (Сл. весник на РСМ 116, 5.5.2020), чл. 208, став 1, алинеја 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник, бр. 425 од 28.6.2019), Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр 02-326/3 , донесена на 288. седница одржана на 23.2.2024 година, Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студентите за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2024/2025 година, (бр. 41-5612/3 од 2.7.2024 година, Сл. Весник на РСМ бр. 142 од 9.7.2024 г.) и Одлуката на Владата на РСМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година во учебната 2024/2025 година (бр. 41-5555/3 од 2.7.2024 година, Сл. весник бр. 142 од 9.7.2024 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. Гоце Делчев бр. 9, објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2024/2025 година

### I. Број на студенти

**На Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирили Методиј" во Скопје, во прва година на прв циклус студии, во учебната 2024/2025 година може да се запишат следниов број студенти:**

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | Редовни (кои се финансираат од Буџетот на РСМ) | Износ на партиципација (во евра - годишно) | Редовни со школарина | Износ на школарина (во евра - годишно) | Вонредни | Износ на школарина за вонредни студенти (во евра - годишно) | Вкупен број на студенти | Студенти -странски државјани | Школарина за странски студенти (во евра - годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** (ул. „16-та Македонска бригада"3) (8 семестри) | **330** | **200** | **120** | **400** | **95** | **400** | **545** | **До 20% за секоја студиска програма** | **1000** |
| **Поледелство** | 25 | | 10 | | 5 | | 40 | | |
| **Градинарство и цвеќарство** | 30 | | 10 | | 10 | | 50 | | |
| **Агроекологија** | 25 | | 10 | | 5 | | 40 | | |
| **Заштита на растенијата – фитомедицина** | 30 | | 10 | | 10 | | 50 | | |
| **Квалитет и безбедност на храна** | 50 | | 25 | | 20 | | 95 | | |
| **Агроекономика** | 30 | | 10 | | 10 | | 50 | | |
| **Овоштарство, лозарство и винарство** | 25 | | 10 | | 10 | | 45 | | |
| **Анимално производство** | 30 | | 10 | | 5 | | 45 | | |
| **Производство и преработка на земјоделски производи и храна** | 20 | | 5 | | 5 | | 30 | | |
| **Хортикултура** | 25 | | 10 | | 5 | | 40 | | |
| **Дигитално земјоделство** | 40 | | 10 | | 10 | | 60 | | |

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на прв циклус академски студии, на академски студии од областа на уметностите и на прв циклус стручни студии имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

   Во академската 2024/2025 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

   Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година).

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

   На прв циклус студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

3. На прв циклус студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.
   Рангирањето на кандидатите од претходниот став ќе се врши според успехот од претходно завршеното високо односно вишо образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на знаењата и умеењата. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.
   Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.

4. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:
   а) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;
   б) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.

5. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на прв циклус студии е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

а) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите може да освојат најмногу **100 поени** и тоа: **општиот успех по сите предмети учествува со 60%,** а успехот постигнат на **државната матура учествува со 40%.**

**а.1. Пресметка на поените од општиот успех**

На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на тој начин што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**а.2. Пресметка на поените од успехот постигнат на државната матура**

**а.2.1. а. Кандидатите кои полагале државна матура во учебните 2022/2023 и 2023/2024** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат (Прилог 1), кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20, па се множи со 1,0. (пр: 5 + 100/20 = (5 + 5)*1 = 10 поени)
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 33, па се множи со 1,0. (пр: 5 + 100/33 = (5 + 3,03)*1 = 8,03 поени)

По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1.2.

Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 оени**.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

**а.2.1. б. Кандидатите кои полагале државна матура во учебните 2021/2022 и 2020/2021** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат (Прилог 1), кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20, па се множи со 1,2.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,9.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **24 поени** за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,2.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 0,8.

Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **12 поени** за два соодветни, **10 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **8 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

**а.2.2. Кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/20 година** и не полагале матура согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба, освен пресметувањето на бодовите од точка 5.а.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма (Прилог 2) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

**а.2.3. Кандидатите кои полагале државна матура во периодот од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019 година** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За трите екстерни предмети:**

- Кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за содветниот предмет поделен со 20.
- Кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **30 поени** за трите екстерни предмети.

**За интерен предмет:**

- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **соодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **1,2**.
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **несоодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **0,8**.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **6 поени за соодветен,** односно **4 поени за несоодветен** интерен предмет.

**За проектна задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

**а.2.4. Кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2007/08 до учебната 2012/2013 година** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1.

Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени** за два соодветни, **13 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **10 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

**а.2.5. Кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/2008 година** и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 5.а.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма (Прилог 2) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

б) На студиските програми со посебни специфичности **(на Архитектонскиот факултет, Факултетот за драмски уметности, Факултетот за ликовни уметности и Факултетот за музичка уметност)**, селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

- **На Архитектонскиот факултет** кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**,и тоа: **успехот од средното образование**
  учествува со **60%,** а успехот постигнат **на тестот за склоност за студирање архитектура учествува со 40%.**

  **Пресметката на бодовите од успехот во средното образование** се врши на следниов начин: бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2. од Конкурсот. Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.
- **Пресметката на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите** се врши на следниов начин: вреднувањето на успехот од **тестот за склоност за студирање архитектура** се врши со бодување од **0** до **40** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите кои не добиле најмалку **15** поени. Кандидатите имаат право на увид во тестовите, **исклучиво лично, во рок од 24 часа од објавувањето на прелиминарните резултати, а по претходно барање доставено во писмена форма до архивата на Факултетот. По овој рок кандидатите немаат право на увид во тестовите.**
- **На уметничките факултети (Факултет за драмски уметности, Факултет за ликовни уметностии Факултет за музичка уметност)**, кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**,и тоа: **успехот од средното образование** учествува со **40%,** а успехот постигнат **со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите учествува со 60%.**

  **Пресметката на бодовите од успехот во средното образование** се врши на следниов начин: бодовите од успехот од средното образование **за кандидатите кои полагале државна матура** се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2. од Конкурсот. Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,4. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**. **Пресметката на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите** се врши на следниов начин: вреднувањето на успехот од **проверката на знаењата и умеењата на кандидатите** се врши со бодување од **0** до **60** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени. Пресметката на поените од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите на **Факултетот за музичка уметност** се врши согласно Упатството за утврдување на предметите и на испитните програми за проверка на знаењата и умеењата за запишување на прв циклус на студиските програми на Факултетот и за начинот на бодување на знаењата и умеењата и начинот на пресметка на поените.

  По објавувањето на резултатите од проверката на знаењата и умеењата, кандидатите имаат право на приговор, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Кандидатите имаат право на увид во тестовите.

в) На **Педагошкиот** и на **Природно-математичкиот факултет** (наставни студиски програми) се врши претселекција на кандидатите по пат на интервју, која не се бодира. Кандидатите се рангираат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2. од Конкурсот.

**III. Селекција на кандидатите**

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет на факултетот формира Конкурсна комисија, а Архитектонскиот факултет и факултетите од областа на уметностите формираат и комисии за проверка на знаењата и умеењата.
2. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување. Универзитетската конкурсна комисија донесува Упатство за реализација на Конкурсот.
3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, објавува прелиминарна ранг-листа со поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на знаењата и умеењата, на студиските програми каде што таа се спроведува.

   По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до конкурсната комисија на факултетот. Решението на комисијата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

   По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти.

   Решението на конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа), факултетот истовремено го доставува до Ректоратот на Универзитетот.
5. Факултетите на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор односно во трет уписен рок.
6. Доколку при запишувањето на кандидатите, некој од кандидатите кој што го положил приемниот испит и бил рангиран на конечната ранг листа во првиот уписен рок не поднесе документи за запишување и не се запише, тогаш факултетската Конкурсна комисија прави прерангирање, пополнувајќи ги испразнетите места на Ранг листата, поместувајќи ги следните кандидати кои го положиле приемниот испит нагоре на Ранг листата според бројот на вкупните бодови.

## IV. Запишување редовни студенти во државна квота

1. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надоместок за студиите, во износ од 200 евра, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банката на РСМ.
2. Плаќањето на надоместокот, по правило, се врши во две еднакви рати, при запишувањето на зимскиот, односно летниот семестар.

3. Надоместокот од став 1 на оваа точка, студентите кои го задржуваат статусот на редовни студенти во државната квота согласно со Статутот на УКИМ, го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
4. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираат според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РСМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.
5. Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РСМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и Сл. весник на РСМ бр. 53/21), во учебната 2024/2025, ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.
6. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:
   - лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26-годишна возраст, доколку се невработени (се докажува со потврда од надлежниот центар за социјална работа);
   - лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на Службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и со решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста) ;
   - родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен (се докажува со извод од Матична книга за детето и потврда за евидентирано невработено лице);
   - воени инвалиди (се докажува со решение на Министерството за труд и социјална политика-Управа за прашања на борците и воените инвалиди);
   - лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени;
   - други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

   Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.

   Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. Запишување редовни студенти со школарина

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Рангирањето во оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.
2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок за студиите, во износ од **400евра**, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.
3. Надоместокот од претходниот став на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
4. Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

   Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

   Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и се вработени, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.
2. За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.
3. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.
4. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок за студиите, во износ од **400 евра**, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.
5. Надоместокот од став 2 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

6. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат образец М1/М2 нотарски заверен, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).

## VII. Кандидати со завршено средно образование во странство

### а) Странски државјани

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите за запишување македонски државјани.
2. Школарината за странските државјани во учебната 2024/2025 година е дадена во Глава I од Конкурсот.
3. Селекцијата на кандидатите се врши според соодветноста на претходно завршеното средно образование во однос на студиската програма за која се пријавуваат и според успехот од средното образование.

   Селекцијата на кандидатите кои се пријавуваат за студирање на Архитектонскиот факултет и на факултетите од областа на уметностите, се врши со проверка на знаењата и умеењата (II/5.б).
4. Пријавување и запишување

Кандидатите се пријавуваат електронски на следнава адреса st.student@ukim.edu.mk.

Дополнително во Ректоратот на Универзитетот треба да ги достават документите во оригинал.

**При пријавувањето, кандидатите доставуваат:**

- Пријава за запишување (образец А1);
- Оригинал диплома за завршено средно образование (заверена со апостил печат, односно печат од соодветното министерство за надворешни работи за земјите кои не се членки на Хашката конвенција);
- Оригинал свидетелства за секоја завршена година во средно образование;
- Оригинал извод од матичната книга на родените
- Оригинал уверение за државјанство;

Запишувањето на студентите се врши на факултетите, во третиот уписен рок.

**При запишувањето кандидатите доставуваат:**

- Решение за нострификација на документите за завршено средно образование, издадено од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија
- индекс, студентска легитимација и пријавни листови;
- три фотографии (две фотографии со димензии 3,5x4,5 и една со димензии 2x3);
- потврда за уплатени 750 денари за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, **со назнака ИКСА на УКИМ, ______(да се наведе факултетот - носител на студиската програма)**, на жиро-сметката 100000000063095 депонент: НБРСМ, со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18 приходна шифра 723012, програма 41.
- Потврда за уплатена школарина за семестарот

5. Организирана настава за изучување на јазикот на кој се држи наставата

- За кандидатите странски државјани Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје организира настава за изучување на македонскиот јазик.

  Наставата се организира во траење од шест месеци интензивен курс во зимскиот и во летниот семестар и се реализира според посебна програма изготвена за таа цел.
  Во текот на наставата се врши континуирана проверка на знаењето на кандидатите - слушатели.

  По успешно завршување на наставата и полагање на завршниот тест, кандидатите добиваат сертификат за успешно положен тест по македонски јазик како странски јазик издаден од Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик (ЦЕТИС МАК) при Филолошкиот факултет „Блаже Конески.

  Детални информации се содржани во посебно соопштение објавено од ЦЕТИС МАК при Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

- За кандидатите на странски државјани запишани во англиските студиски програми Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје организира настава за изучување англиски јазик.

  Детални информации се содржани во посебна изјава објавена од Филолошкиот факултет "Блаже Конески". Објавата е достапна и на веб-страницата на Универзитетот на следниот линк уким (ukim.edu.mk).

***Кандидатите од глава VII - точка а) се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во роковите утврдени со Конкурсот.***

### в) Државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.

   Селекцијата на кандидатите од точка 1, на Архитектонскиот факултет и на факултетите од областа на уметностите се врши со проверка на знаењата и умеењата (II/5.б).

   Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, изнесува денарска противвредност од **400 евра** за една учебна година (како за

кандидатите од глава V).

Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирана диплома за завршеното средно образование во странство.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, но најмногу до 10% од државната квота.

2. Кандидатите државјани на РСМ кои дел од средното образование завршиле во странство се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство.

***Кандидатите од глава VII точка в.1) се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а кандидатите од глава VII точка в.2.) се пријавуваат на соодветниот факултет.***

## VIII. Кандидати со завршена меѓународна матура и кандидати од приватните средни училишта во РСМ

1. Кандидатите со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија. За овие кандидати бодовите од вкупниот успех од средното образование се добиваат согласно точката Глава II, 5.а.1 од Конкурсот. Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура се врши на следниов начин: секоја оценка од шесте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените поени се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

2. Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РСМ каде што се полага државна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија согласно Глава II, точката 5 од Конкурсот.

***Кандидатите од глава VIII се пријавуваат на соодветниот факултет.***

## IX. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РСМ

1. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2024/2025 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.

- На високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, припадниците на албанската заедница може да се запишуваат само во редовните квоти.

  Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.

## X. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеења и запишување

**1. Рокови за кандидатите кои се рангираат само според успехот од средното образование**

| | Прв рок | Втор рок | Трет рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 29.8. и 30.8.2024 | 17 и 18.9.2024 | 27.9.2024 |
| Објавување резултати од успехот од средно образование (прелиминарна ранг-листа) | 3.9. 2024 | 20.9.2024 | |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | 6.9. 2024 | 25.9.2024 | |
| Запишување на кандидатите | 11. и 12.9. 2024 | 26.9.2024 | 30.9.2024 |

**2. Рокови за кандидатите кои се рангираат според успехот од средното образование и според проверката на знаења и умеења**

| | Прв рок | Втор рок | Трет рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 29.8. и 30.8.2024 | 17 и 18.9.2024 | 27.9.2024 |
| Проверка на знаења и умеења | 2.9.2024 | 19.9.2024 | |
| Објавување прелиминарна ранг-листа со резултати од проверката на знаењата и умеењата и успехот од средно образование | 6.9. 2024 | 23.9.2024 | |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | 10.9. 2024 | 25.9.2024 | |
| Запишување на кандидатите | 11. и 12.9. 2024 | 26.9.2024 | 30.9.2024 |

**Забелешка:**

По реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, Универзитетот, на интернет-страницата ќе објави **број на слободни места за запишување во вториот уписен рок во учебната 2024/2025** година.

По реализацијата на вториот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, **бројот на слободни места за запишување во третиот уписен рок во учебната 2024/2025** година, ќе биде објавен на на интернет-страниците на единиците.

## XI. Документи за пријавување и запишување

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот**.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето се врши во службата за студентски прашања на избраниот факултет.

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување;
2. електронска пријава (генерирана од iKnow-системот);
3. оригинални свидетелства од сите класови;
4. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
5. извод од матичната книга на родените; (оригинал)
6. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал);
7. потврда за уплата:
   - Административната такса во износ од 50,00 денари (**Образец ПП 50:** Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Тансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161; Конто 722313 00);
   - 300 денари на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои не се врши проверка на знаењата и умеењата;
   - 500 денари на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои се врши проверка на знаењата и умеењата по еден предмет;
   - 1000 денари на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои се врши проверка на знаењата и умеењата по повеќе предметина Факултетот за музичка уметност и Факултетот за ликовни уметности, односно 1500 денари на Факултетот за драмски уметности.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги прикачуваат, освен горенаведените, и документите наведени во глава VI, точка 3.

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс, студентска легитимација и пријавни листови;
2. три фотографии (две фотографии со димензии 3,5x4,5 и една со димензии 2x3);
3. потврда за уплатени 750 денари за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со **назнака ИКСА на УКИМ, _____(да се наведе факултетот - носител на студиската програма)**, на жиро-сметката 100000000063095 депонент: НБРСМ, со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18 приходна шифра 723012,
   програма 41.

Надоместокот од претходниот став на оваа точка го поднесуваат сите примени кандидати, во сите категории студенти (вклучително и студентите ослободени од плаќање партиципација и кофинансирање, по разни основи). Овој надоместок студентите го поднесуваат секоја учебна година, при запишување на зимскиот семестар.

**Составен дел на Конкурсот се:**

**Прилог 1** - Листа на екстерни предмети и интерен предмет од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале **државна матура во учебните 2020/2021, 2021/2022 2022/23 и 2023/24**

**Прилог 2** - Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средното образование за кандидатите кои средното образование го завршиле **во учебната 2019/20 година, или пред учебната 2007/08 година и не полагале државна матура**

**Прилог 3** - Листа на екстерни предмети и интерен предмет од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале **државна матура во периодот од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019година**

**Прилог 4** - Листа на екстерни предмети и интерни предмет од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале **државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година**

***

**Прилог 1**

**Прилог 1**

**Листа на екстерни предмети и интерни предмети од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале државна матура во учебните 2020/2021, 2021/2022, 2022/23 и 2023/24**

1. За сите кандидати **задолжителен екстерен испит** е предметот: **македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература**.
2. **Изборен екстерен испит** за кандидатите **со:**
   - **гимназиско и средно стручно образование** се избира помеѓу: **математика или странски јазик** (англиски јазик, германски јазик, француски јазик и руски јазик)**;**
   - **средно уметничко образование** е: се избира помеѓу странски јазик (англиски јазик, германски јазик, француски јазик и руски јазик) или естетика/филозофија.
3. За **интерни испити** се бираат два предмети од:
   - **Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во гимназиското образование** – математика, странски јазик (англиски, француски, германски и руски), физика, хемија, биологија, историја, географија, класични јазици, ликовна уметност, музичка уметност, филозофија, социологија, информатика - информатика со информатичка технологија (2 + 2 часа), македонски јазик и литература (за учениците кои наставата ја следат на албански јазик или на турски јазик);

   **Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во средно стручно образование** – математика, странски јазик (англиски, француски, германски и руски), физика, хемија, биологија, бизнис, историја;
   - **Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во средно уметничко образование** - странски јазик (англиски, француски, геРМански и руски), историја, филозофија, естетика

| | СТУДИСКА ПРОГРАМА | ЕКСТЕРЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ | ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје** | Сите студиски програми. | Нема ограничување. | Нема ограничување. |

**Прилог 2**

**Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средното образование за кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/20 година, или пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**

| студиска програма | прв предмет | втор предмет |
|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | | |
| Агроекономика | Биологија | Математика |
| Сите останати студиски програми | Хемија | Биологија |

**Прилог 3**

**Листа на екстерни предмети и интерен предмет од државната матура соодветни за пријавување зазапишување на студиските програмина Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале државна матура од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019година**

1. За сите кандидати **задолжителен екстерен испит** е предметот: **македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература**.
2. **Прв изборен екстерен испит** за кандидатите **согимназиско образование и со средно стручно образование** е предметот: **математика или странски јазик**, а за кандидатите со **средно уметничко образование** е: **странски јазик или филозофија**.
3. Во прегледот се дадени **вториот изборен екстерен предмет** и **интерниот предмет,** кои кандидатите ги избираат при полагањето на државната матура, а кои се значајни за соодветната студиска програма.

| ФАКУЛТЕТ | ВТОР ЕКСТЕРЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ* | ИНТЕРЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ |
|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски наукии храна** | Без ограничување (предметите странски јазик, математика, естетика и филозофија можат да се изберат доколку не се избрани како прв изборен екстерен предмет). | Без ограничување. |

* Предметите странски јазик, математика, естетика и филозофија може да се изберат доколку не се избрани како прв изборен екстерен предмет.

**Прилог 4**

**Листа на екстерни предмети и интерни предмети од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатите што полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година**

1. **За сите кандидати задолжителен екстерен испит е предметот мајчин јазик.**
2. **Во прегледот се дадени другите предмети (екстерни и интерни) кои кандидатите ги избираат при полагањето на државната матура, а кои се значајни за соодветната студиска програма.**

| ФАКУЛТЕТ | СТУДИСКА ПРОГРАМА | ЕКСТЕРЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ | ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | Сите студиски програми. | Математика (основно ниво) или странски јазик | **Гимназија:**<br>- хемија, биологија, информатика, физика, странски јазик (ако не е избран како екстерен предмет), географија.<br>**Средно стручно образование:**<br>- еден предмет по избор од листата со општообразовни предмети<br>- еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |

***

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**
**http://www.ukim.edu.mk**